**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **13.11.2023 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 11 – 2023 год.** |

НОЕМВРИ 2023

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на 10.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

**за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година**

**Член 1**

Во билансот на приходите на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните приходни потставки:

- 711111-Данок на плати на вработени лица на корисници и единки корисници на средства од буџетот на РМ и буџетот на ЕЛС за износ од 500.000,00 денари

-711112-Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, ЈП, и др. кои не се корисници и единки корисници на Буџетот со износ од 553.000,00 денари

-713111-Данок на имот од физички лица за износ од 250.000,00 денари

-713211-Данок на наследство и подарок за износ од 474.000,00 денари

-713311-Данок на промет на недвижности за износ од 1.220.000,00 денари

-717112-Комунална такса за истакнување на фирми за износ од 100.000,00 денари

-717115-Комунална такса за користење на улици и патишта со износ од 100.000,00 денари

-717716-Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување за износ од 1.100.000,00 денари

-717131-Комунална такса за користење на простор пред деловни објекти од 130.000,00 денари

-722315-Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината со износ од 40.000,00 денари

-725939-Останати неданочни приходи со износ од 1.050.000,00

-725943-2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила со износ од 120.000,00 денари

-733111-Приходи од продажба на неизградено земјиште со износ од 330.000,00 денари

**Член 2**

Во билансот на приходите на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на основниот буџет се намалуваат следните приходни потставки:

-717137-Надомест за уредување на градежно земјиште со износ од 2.000.000,00 денари
-718127-Надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со износ од 50.000,00 денари
-718134-Надомест за управување со отпад на општината со износ од 30.000,00 денари
-718147-Надомест за вадење на песок, чакал, камен со износ од 50.000,00 денари
-722150-Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на овластени градежни инспектори со износ од 50.000,00 денари
-725982-Договорни казни за непочитување на обврските од Договорите од страна на купувачот со износ од 178.000,00 денари
-733115-Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата со износ од 146.000,00 денари
-733120-Надомест за концесии за екслоатација на минерални суровини со износ од 89.000,00 денари
-733131- Приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште со износ од 100.000,00 денари
-733132-Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ со износ од 100.000,00 денари
-733144-Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти со износ од 273.000,00 денари
-733145-Надомест за издавање на согласнст и одобрение за потврдување на бесправно изградени објекти или оранжерии изградени на земјоделско земјиште со износ од 50.000,00 денари
-733147-Надомест за концесии за користење на вода за производство на електрична енергија за износ од 140.000,00 денари.
-741115- Дотации на Општината од приходи од ддв во износ од 2.323.000,00 денари
-741211-Капитални трансфери од други нивоа на власт со износ од 69.000,00 денари

**Член 3**

Во билансот на приходите на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на буџет на дотации се зголемува следната приходна потставка:
-741119-Наменска дотација на општината за активности од областа на пожарникарството во износ од 1.111.000,00 денари
-741120-Блок дотации на општината по одделни намени со износ од 5.797.661,00 денари

**Член 4**

Во билансот на приходите на буџетот на Општина Македонски Брод во колоната на буџетот на донации се зголемуваат следната приходна потставка:
-742114-Приходи од европската унија со износ од 1.980.000,00 денари.

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 5**

Во посебниот дел на буџетот во програмата А0 – Совет на општина во потпрограмата А00 - Совет на општина во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

-426210 Расходи за репрезентација со износ од 25.000,00 денари
-426990 Други оперативни трошоци со износ од 35.000,00 денари
-452410 Камати на кредити со износ од 440.000,00 денари
-491120 Отплата на главнина по долгорочни заеми од Светска банка со износ од 200.000,00 денари

**Член 6**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Д0 – Градоначалник во потпрограмата Д00 - Градоначалник во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

-404110 Надомест за годишен одмор со износ од 4.000,00 денари
-421320 Телефон и телефакс со износ од 5.000,00 денари
-464940 Трансфери при пензионирање со 50.000,00 денари

**Член 7**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Г1 Поддршка на локалниот економски развој потпрограмата Г10 Поддршка на локалниот економски развој во колоната на основниот буџет се зголемува следната расходна потставkа:

-425990 Други договорни услуги со износ од 195.000,00 денари

**Член 8**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Е0 Општинска администрација во потпрограмата Е00 Општинска администрација во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

-401120 Основни плати - државни службеници со износ од 100.000,00 денари
-401130 Основни плати - други вработени со износ од 100.000,00 денари
-401210 Плата за прекувремена работа со износ од 47.000,00 денари
-402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 100.000,00 денари
-402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување со износ од 44.000,00 денари

-404110 Надомест за годишен одмор со износ од 290.000,00
-421110 Електрична енергија со износ од 100.000,00 денари
-421320 Телефон и телефакс со износ од 35.000,00 денари
-425310 Правни услуги со износ од 172.000,00 денари
-425360 Плаќање на судски такси со износ од 50.000,00 денари
-425420 Примарна здраствена заштита со износ од 15.000,00 денари

**Член 9**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Е0 Општинска администрација во потпрограмата Е00 Општинска администрација во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

-424190 Поправки на други возила со износ од 150.000,00 денари
-426210 Расходи за репрезентација со износ од 20.000,00 денари
-426410 Објавување на огласи со износ од 89.000,00 денари
-464910 Плаќање по судски решенија со износ од 172.000,00 денари

**Член 10**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Е0 Општинска администрација во потпрограмата Е00 Општинска администрација во колоната на основниот буџет се воведува следната расходна потставка:

-421430 Транспорт на стоки со износ од 30.000,00 денари

**Член 11**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЕА Капитални трошоци на општина, потпрограма ЕА0 Капитални трошоци на општина, во колоната на основниот буџет се зголемува следната расходна потставка:

-483110 Купување на канцелариски мебел со износ од 60.000,00 денари

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 12**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЕА Капитални трошоци на општина, потпрограма ЕА0 Капитални трошоци на општина, во колоната на основниот буџет се воведува следната расходна потставка:

-480149 Купување на друга опрема со износ од 21.000,00 денари

**Член 13**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ј3 Јавно осветлување во потпрограмата Ј30 Јавно осветлување во колоната на основниот буџет се воведува следната расходна потставка:

-421410 Горива и масла со износ од 4.000,00 денари

**Член 14**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ј6 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот потпрограмата Ј60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот во колоната на основниот буџет се зголемува следната расходна потставка:

423990-Други материјали со износ од 100.000,00 денари

**Член 15**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ј8 Други комунални услуги потпрограмата Ј80 Други комунални услуги во колоната на основниот буџет се зголемува следната расходна потставка:

-425510 Ветеринарни услуги со износ од 100.000,00 денари

**Член 16**

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување во потпрограмата ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување во колоната на основниот буџет се зголемува следната расходна потставка:

-482940 Надзор над изградбата со износ од 20.000,00 денари

### Член 17

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈД Изградба на улици, патишта и автопати во потпрограмата ЈД0 Изградба на улици, патишта и автопати во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

-482120 Изградба на улици, патишта и автопати со износ од 541.000,00 денари
-482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати со износ од 1.400.000,00 денари

### Член 18

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈД Изградба на улици, патишта и автопати во потпрограмата ЈД0 Изградба на улици, патишта и автопати во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

-482230 Реконструкција на мостови со износ од 94.000,00 денари

### Член 19

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во потпрограмата ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

-482920 Изградба на други објекти со износ од 1.682.000,00 денари
-482930 Реконструкција на други објекти со износ од 657.000,00 денари
-482940 Надзор над изградбатасо износ од 20.000,00 денари

### Член 20

Во посебниот дел на буџетот во програмата ЈМ Паркови и зеленило (капитални расходи) во потпрограмата ЈМ0 Паркови и зеленило (капитални расходи) во колоната на основниот буџет се воведува следната расходна потставка:

-482920 Изградба на други објекти со износ од 413.000,00 денари

### Член 21

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ф1 Урбанистичко планирање во потпрограмата Ф10 Урбанистичко планирање во колоната на основниот буџет се зголемува следната расходна потставка:

-425640 Изработка на просторни и урбанистички планови со износ од 95.000,00 денари

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 22**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н1 Основно образование, потпрограма Н10 Основно образование, во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

-401130 Основни плати-други вработени со износ од 20.000,00 денари
-402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 10.000,00 денари

**Член 23**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ѓ0 Противпожарна заштита во потпрограма Ѓ00 Противпожарна заштита во колоната на основниот буџет се намалуваат следните расходни потставки:

-401130 Основни плати други вработени со износ од 665.000,00 денари
- 401210 Плати за прекувремена работа со износ од 1.000,00 денари
-401220 Плата за време на празници со износ од 37.000,00 денари
-401310 Персонален данок на доход од плата со износ од 153.000,00 денари
-402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 287.000,00 денари
-402210 Основни придонеси за здравство со износ од 28.000,00 денари
-404110 Надомест за годишен одмор со износ од 188.000,00 денари

**Член 24**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ѓ0 Противпожарна заштита во потпрограма Ѓ00 Противпожарна заштита во колоната на основниот буџет се зголемуваат следните расходни потставки:

-401230 Плата за работа во ноќна смена со износ од 9.000,00 денари
-401240 Плата за дежурства со износ од 1.000,00 денари
-401290 Други додатоци на плата со износ од 3.000,00 денари
-402120 Придонес за бенифициран стаж со износ од 33.000,00 денари
-402220 Основен придонес за професионално заболување со износ од 2.000,00 денари
-402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување со износ од 2.000,00 денари

**Член 25**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Љ0 Противпожарна заштита во потпрограма Љ00 Противпожарна заштита во колоната на основниот буџет се воведува следната расходна потставка:

-425230 Осигурување на вработени (несреќи, живот) со износ од 2.000,00 денари

**Член 26**

Во посебниот дел на буџетот во програмата К2 - Музичко и сценско уметничка дејност во потпрограмата К20 - Музичко и сценско уметничка дејност во колоната на буџет на дотации се намалуваат следните расходни потставки:

-401130 Основни плати други вработени со износ од 283.445,00 денари
-401310 Персонален данок на доход од плата со износ од 17.867,00 денари
- 402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 76.567,00 денари
-402210 Основни придонеси за здравство со износ од 30.749,00 денари
-402220 Основни придонеси за професионално заболување со износ од 1.716,00 денари
-402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување со износ од 4.473,00 денари
-421110 Електрична енергија со износ од 20.000,00 денари
-421120 Водовод и канализација со износ од 4.000,00 денари
-421320 Телефон и телефакс со износ од 2.700,00 денари
-424440 Поправка и одржување на друга опрема со износ од 20.000,00 денари
-426410 Објавување на огласи со износ од 20.000,00 денари
-426990 Други оперативни расходи со износ од 74.000,00 денари
-464940 Трансфери при пензионирање со износ од 136.000,00 денари

**Член 27**

Во посебниот дел на буџетот во програмата К2 - Музичко и сценско уметничка дејност во потпрограмата К20 - Музичко и сценско уметничка дејност во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

-423110 Канцелариски материјали со износ од 5.000,00 денари
-423710 Средства за одржување на на хигиена со износ од 5.000,00 денари
-423990 Други материјали со износ од 20.000,00 денари
-425990 Други договорни услуги со износ од 7.000,00 денари

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА**

### Член 28

Во посебниот дел на буџетот во програмата К2 - Музичко и сценско уметничка дејност во потпрограмата К20 - Музичко и сценско уметничка дејност во колоната на буџет на дотации се додаваат следните расходни потставки:

-404110-Надомест за годишен одмор со износ од 78.000,00 денари
-421390-Други трошоци за комуникација со износ од 30.000,00 денари
-426310 Семинари и конференции со износ од 7.000,00 денари
-481210 Подготвување проекти на деловни објекти со износ од 62.000,00 денари
-481230 Реконструкција на деловни објекти со износ од 555.517,00 денари

### Член 29

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н1 Основно образование во потпрограмата Н10 Основно образование во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

-401130 Основни плати други вработени со износ од 1.141.814,00 денари
-401310 Персонален данок на доход од плата со износ од 44.050,00 денари
-402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 445.219,00 денари
-402210 Основни придонеси за здравство со износ од 160.000,00 денари
-402220 Основен придонес за професионално заболување со износ од 14.900,00 денари
-402310 Основен придонес до Агенцијата за вработување со износ од 32.200,00 денари
-423610 Наставно образовни помагала со износ од 100.000,00 денари
-423990 Други материјали со износ од 40.000,00 денари
-424210 Одржување на згради со износ од 78.817,00 денари
-425490 Други здраствени услуги со износ од 50.000,00 денари
-425990 Други договорни услуги со износ од 50.000,00 денари
-483110 Купување на канцелариски мебел со износ од 30.000,00 денари
-483190 Купување на друг мебел со износ од 30.000,00 денари

### Член 30

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н1 Основно образование во потпрограмата Н10 Основно образование во колоната на буџет на дотации се воведува следната расходна потставка:

-404110-Надомест за годишен одмор со износ од 956.000,00 денари

### Член 31

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н2 Средно образование образование во потпрограмата Н20 Средно образование во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

-401130 Основни плати други вработени со износ од 220.000,00 денари
-402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 45.000,00 денари
-402220 Основен придонес за професионално заболување со износ од 15.000,00 денари
-420120 Патување во земјата - патни расходи со износ од 15.000,00 денари
-421110 Електрична енергија со износ од 40.000,00 денари
-421120 Водовод и канализација со износ од 10.000,00 денари
-421130 Ѓубретарина со износ од 200.000,00 денари
-421240 Течни горива со износ од 650.000,00 денари
-423110 Канцелариски материјали со износ од 30.000,00 денари
-423410 Прехранбени продукти со износ од 15.000,00 денари
-423810 Ситен инвентар со износ од 15.000,00 денари
-423990 Други материјали со износ од 10.000,00 денари
-424110 Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови и гуми) со износ од 10.000,00 денари
-424440 Поправки и одржување на друга опрема со износ од 20.000,00 денари
-425490 Други здраствени услуги со износ од 10.000,00 денари
-425760 Превозни услуги во образованието со износ од 50.000,00 денари
-425990 Други договорни услуги со износ од 15.000,00 денари
-426210 Расходи за репезентација со износ од 40.000,00 денари
-426410 Објаување на огласи со износ од 15.000,00 денари
-426990 Други оперативни расходи со износ од 45.000,00 денари
-464940 Трансфери при пензионирање со износ од 41.000,00 денари
-464990 Други трансфери со износ од 27.000,00 денари

### Член 32

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н2 Средно образование во потпрограмата Н20 Средно образование во колоната на буџет на дотации се воведуваат следните расходни потставки
-404110-Надомест за годишен одмор со износ од 367.000,00 денари
-423310 Униформи со износ од 40.000,00 денари
-425250 Осигурување на недвижности и права со износ од 25.000,00 денари
-480190 Купување на друга опрема со износ од 30.000,00 денари

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 33**

Во посебниот дел на буџетот во програмата В1 Детски градинки во потпрограмата В10 Детски градинки во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

-401130 Основни плати други вработени со износ од 117.400 денари
-401310 Персонален данок на доход од плата со износ од 13.100,00 денари
-402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 34.100,00 денари
-402210 Основни придонеси за здравство со износ од 13.600,00 денари
-402220 Основен придонес за професионално заболување со износ од 950,00 денари
-402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување со износ од 2.200,00 денари
-421240 Течни горива со износ од 98.640,00 денари

**Член 34**

Во посебниот дел на буџетот во програмата В1 Детски градинки во потпрограмата В10 Детски градинки во колоната на буџет на дотации се воведуваат следните расходни потставки:

-401320 Персонален данок на доход од надоместоци со износ од 26.671,00 денари

-404110-Надомест за годишен одмор со износ од 240.000,00 денари

**Член 35**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ђ0 Противпожарна заштита во потпрограма Ђ00 Противпожарна заштита во колоната на буџет на дотации се зголемуваат следните расходни потставки:

-401130 Основни плати други вработени со износ од 496.000,00 денари
- 401210 Плати за прекувремена работа со износ од 9.000,00 денари
-401220 Плата за време на празници со износ од 25.000,00 денари
-401230 Плата за работа во ноќна смена со износ од 49.000,00 денари
-401240 Плата за дежурства со износ од 20.000,00 денари
-401290 Други додатоци на плата со износ од 25.000,00 денари
-401310 Персонален данок на доход од плата со износ од 64.000,00 денари
-402110 Основни придонеси за ПИО со износ од 174.000,00 денари
-402210 Основни придонеси за здравство со износ од 62.000,00 денари
-402120 Придонес за бенифициран стаж со износ од 38.000,00 денари
-402220 Основен придонес за професионално заболување со износ од 4.000,00 денари
-402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување со износ од 10.000,00 денари

**Член 36**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Ѓ0 Противпожарна заштита во потпрограма Ѓ00 Противпожарна заштита во колоната на буџет на дотации се воведува следната расходна потставка:

404110-Надомест за годишен одмор со износ од 135.000,00 денари

**Член 37**

Во посебниот дел на буџетот во програмата В1 Детски градинки во потпрограмата В10 Детски градинки во колоната на буџет на самофинансирачки активности се зголемува следната расходна потставка:

-423990 Други материјали со износ од од 116.203,00 денари

**Член 38**

Во посебниот дел на буџетот во програмата В1 Детски градинки во потпрограмата В10 Детски градинки во колоната на буџет на самофинансирачки активности се намалуваат следните расходни потставки:

-426990 Други оперативни расходи со износ од 94.203,00 денари
-464990 Други трансфери со износ од 22.000,00 денари

**Член 39**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н2 Средно образование во потпрограмата Н20 Средно образование во колоната на буџет на донации се зголемуваат следните расходни потставки:

-420220 Патување во странство патни расходи со износ од 673.860,00 денари
-420230 Патување во странство-сместување со износ од 1.232.840,00 денари
-425990 Други договорни услуги со износ од 251.300,00 денари

**Член 40**

Во посебниот дел на буџетот во програмата Н2 Средно образование во потпрограмата Н20 Средно образование во колоната на буџет на донации се намалуваат следните расходни потставки:

-420210 Патување во странство – хранарина (дневници) со износ од 100.000,00 денари

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА**

-421390 Други трошоци за комуникација со износ од 2.000,00 денари
-423110 Канцелариски материјали со износ од 5.000,00 денари
-423120 Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените со износ од 5.000,00 денари
-423410 Прехранбени продукти и пијалаци со износ од 10.000,00 денари
-425760 Превозни услуги во образованието со износ од 53.000,00денари
-426990 Други оперативни расходи со износ од 3.000,00 денари

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 826/ 3
10.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 7 и 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница, одржана на 10.11.2023 година, ја разгледа Предлог иницијативата за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Кичево со арх.бр.18 - 827/1 од 03.11.2023 година и донесе:

# О Д Л У К А

за давање на позитивно мислење на Предлог иницијативата за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Кичево
во областа на противпожарната заштита

Член 1

Советот на Општина Македонски Брод дава позитивно мислење на Предлог иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Кичево во областа на противпожарната заштита.

Член 2

За членови во заедничката Комисија за подготовка на предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Кичево, во областа на противпожарната заштита, се именуваат:

- Милена Костеска – Раководител на Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина;
- Вања Димоска – Помлад соработник за заштита и спасување и
- Тони Маџоски – Советник за оценување и стручно усовршување

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 826/4
10.11.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.2/03), член 21 став 44 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година донесе,

# О Д Л У К А

за донесување на Стратешки план за локален развој на Општина Македонски Брод за период 2024-2028 година

Член 1

Се донесува Одлука за донесување на Стратешки план за локален развој на Општина Македонски Брод за период 2024-2028 година.

Член 2

Стратешкиот план за локален развој на Општина Македонски Брод заснован на развојни цели за период 2024-2028 година содржи:

1.Предговор
2.Извршно резиме
3.Листа на табели, слики и кратенки
4.Вовед во планот
5. Процес на изработка на планот за локален развој
6.Локална економска анализа
6.1 Анализа на локалната економска структура
6.2 Локална соработка и вмрежување
6.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
6.4 Пристап до информации и финансиска поддршка
6.5 Земјиште и инфраструктура
6.6 Регулаторна и институционална рамка
6.7 Вештини, човечки капитал и инклузивност
6.8 Надворешно позиционирање и маркетинг
7.Анализа на силни и слаби страни, можности и закани SWOT анализа
8.Визија и цели
9.Акциски план
10. Шема за финансирање
11.Индикатори и механизми за мониторинг

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 826/5
10.11.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.



# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА ПЕРИОД ОД 2024-2028 ГОДИНА

**СОДРЖИНА**

1.Предговор ....................................................................................................1
2.Извршно резиме ............................................................................................2
3.Листа на табели, слики и кратенки ..............................................................3
4.Вовед во планот ............................................................................................4
5.Процес на изработка на планот за локален развој ......................................5
6.Локална економска анализа .........................................................................6
6.1 Анализа на локална економска структура ..................................................1
6.2 Локална соработка и вмрежување ..............................................................2
6.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција.................1
6.4 Пристап до информации и финансиска поддршка ......................................2
6.5 Земјиште и инфраструктура.........................................................................1
6.6 Регулаторна и институциона рамка .............................................................2
6.7 Вештини, човечки капитал и инклузивност ..................................................1
6.8 Надворешно позиционирање и маркетинг ...................................................2
7.Анализа на силни и силни страни, можности и закани.....................................4
8.Визија и цели ...................................................................................................5
9.Акциски план ....................................................................................................6
10.Шема за финансирање ...................................................................................4
11.Индикатори и механизми за мониторинг ........................................................5

2

**1.ПРЕДГОВОР**

Планирањето претставува процес со кој ја создаваме сопствената иднина. Локалниот развој на Општина Македонски Брод се планира со вклучување на жителите на општината во дефинирањето на приоритети и во креирање на заедничката иднина за подобар стандард на живеење, како и напредок во сите области на општествениот живот. Како градоначалник на Општина Македонски Брод чувствувам одговорност не само за изготвувањето, туку и за реализацијата на овој документ. Овој стратешки план е изработен во заедничка соработка на УСАИД и локалната група и е за период од 2024 – 2028 година. При тоа се земени во предвид сите карактеристики на општината како што се географски, социо-економски и природни. Стратешките решенија за локалниот развој се дефинирани со конкретни цели, мерки и активности, односно програми и проекти за нивна реализација за подолг временски период. Благодарејќи на Вашата доверба, со Вас граѓаните, невладините организации и бизнис секторот е подготвена оваа Стратегија која има за цел да го подигне квалитетот на живеење на граѓаните, подобрување на конкурентноста во однос на други локални заедници во земјата, подобрување на климата за инвестирање, а со тоа и создавање на можности за нови работни места.

Општина Македонски Брод, како и другите средини во земјата и пошироко се соочува со бројни предизвици кои се предизвикани како од енергетска така и од финансиска криза. Но, произлезените состојби и проблеми кои ќе бидат долгорочни и нивното решавање, не смеее да се одрази на предвидените активности за економски напредок на општината.Тоа значи дека ќе настојуваме да ги реализираме нашите заложби со цел да го унапредиме локалниот развој преку предвидени мерки и активности.

3

Реализацијата на Планот ќе ја вршиме со заеднички напори се со цел за развој на нашата заедница. Воедно секогаш ќе ја бараме соработката и поддршката од страна на јавните институции, бизнис заедницата, НВО секторот. Верувам во остварувањето на заедничката визија за подобра иднина на сите нас во Општина Македонски Брод.

Им благодарам на сите кои се вклучија во процесот на креирање на овој документ.

Со почит,

Градоначалник на Општина Македонски Брод

М-р Жарко Ристески

4

## 2.ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Планот за локален развој на Општина Македонски Брод е изработена со учество на сите засегнати страни во областите на делување на планот: економскиот развој, развој на туризмот, урбанизам и комунални дејности, животна средина, култура, образование, спорт и социјална заштита. Стратешкото планирање е демократски процес за креирање на визија, мисија и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на една организација, всушност претставува алатка за насочување на активностите.

Стратешкиот план за Локален развој е подготвен за периодот 2024 -2028 година.

Во подготовката на планот беа вклучени сите целни групи од областите на делување, како општинската администрација, бизнис секторот, НВО, работници од образованието, културата, спортот, социјалата. Визијата на Општина Македонски Брод е Македонски Брод – еко општина со развиена патна и комунална инфраструктура за развој на лесна и незагадувачка индустрија, туризам и младински активизам.

За постигнување на визијата потребни се мерки, активности и политики во однос на осовременување на инфраструктурата со што би се подобрила и бизнис климата за развој на општината. Во таа насока потребно е :

- доизградба и санација на локалните патни правци, доизградба на фекалната и атмосферската канализација, доизградба и одржување на изградената водоводна мрежа;
- урбанизација и инфраструктурно решавање на индустриските зони
- развивање, стимулирање на алтернативни форми на туризам за кои постојата реални предности во општината како: спелеолошки, ловен, риболовен, планински, езерски,

5

Вредностите според кои ќе се раководи Општина Македонски Брод се: отвореност и комуникација со граѓаните, развивање на младински активизам, посветеност кон традиција и историја, развивање на отворено општество со отворен дух, создавање еколошки здрава средина за живот, економски просперитет и благосостојба.
Тимот за изработка на Планот за локален развој на Општина Македонски Брод издвои пет стратешки цели и активности кои се неопходни за остварување на поставените цели и тоа:
Стратешка цел 1: Урбанистичко планирање и комунални дејности

Стратешка цел 2:Животна средина и искористување на обновливи извори на енергија и промовирање на енергетска ефикасност

Стратешка цел 3:Економски развој и развој на туризамот

Стратешка цел 4:Социјална заштита и заштита на деца

Стратешка цел 5:Образование, спорт и култура

Со имплементацијата на Стратешкиот документ ќе се придонесе кон подобрување на состојбите и прашањата што се однесуваат на економско – социјалната положба, а со тоа ќе се подобри и квалитетот на животот на граѓаните.

6

**3. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| **УСАИД** | **Американска агенција за меѓународен развој** |
| **ЛЕР** | **Локален економски развој** |
| **SWOT** | **S – strengths (предности), W – weaknesses (слабости), O – opportunities (можности) и Т – threats (опасности)** |
| **ЕУ** | **Европска унија** |
| **ЛАГ** | **Локална акциска ггрупа** |
| **НВО** | **Невладина организација** |
| **АВРСМ** | **Агенција за вработување на Република Северна Македонија** |
| **БДП** | **Бруто домашен производ** |
| **ИПАРД** | **Програма за предпристапна помош во земјоделството и руралниот развој** |
| **ИТ** | **Информатички технологии** |
| **УНДП** | **Програма за развој на Обединети нации** |
| **МСП** | **Мали и средни претпријатија** |

7

| | |
|---|---|
| **МЗШВ** | **Министерство за земјоделство, шумарство ии водостопанство** |
| **МТВ** | **Министерство за транспорт и врски** |
| **МТСП** | **Министерство за труд и социјална политика** |
| **ЦСР** | **Центар за социјални работи** |
| **АФПРЗ** | **Агенција за финансиска поддршка** |
| **СОУ** | **Средно општинско училиште** |

8

**4.ВОВЕД**

На покана од УСАИД, Општина Македонски Брод изрази интерес за учество во проектот Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите под покровителство на УСАИД чијашто цел меѓу другото е да обезбеди поддршка на Општина Македонски Брод да ги развие или ревидира своите планови /стратегии за ЛЕР.

Општина Македонски Брод имаше потреба од изработка на План за локален развој, бидејќи плановите како овој план за развој на една општина, покрај нејзината визија, како се гледа општината во иднина, претставуваат и многу важна основа за аплицирање на проекти, а УСАИД ја дава таа можност прку нивната програма, општината да биде вклучена во целокупниот процес.

**Планот** односно Стратегијата за локален развој на Општина Македонски Брод е изготвен со цел да одговори на тековните и идните економски предизвици и да придонесе за зајакнување на локалната економија преку јавно- приватен дијалог.

Овој документ е целосно самостоен документ и не е дело од други планови и национални документи и неговата цел е да се зголеми растот и развојот на економијата и вработеноста.

Стратегијата е развиена во партнерство, односно со вклученост на сите засегнати страни. Тимот кој што го изработуваше Планот за локален економски развој, не беше составен само од претставници на општинската администрација, туку и по еден претставник од НВО и бизнис секторот.При креирањето на Планот, применет е и родовиот концепт на креирање на локалните политики.Со тоа, при трасирањето на идниот локален развој подеднакво се третирани и жените и мажите.На овој

начин тимот за изработка на планот има придонес во еднаквата застапеност при консултациите и процесот на донесување одлуки во целокупниот процес.

## 5. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ ЗА ЛЕР

Планот за локален развој во нацрт верзија беше подготвен, со одржување работилници на кои обучувачи беа претставници на УСАИД, како и со неколку работни средби со учество на сите засегнати страни во приоритетните области, односно работен тим:

претставници од јавниот сектор ( општинската администрација),

претставник на невладините организации,

претставник на бизнис секторот

Работниот тим одржа неколку работилници, неформални средби како и телефонски разговори, почнувајќи од втората половина на 2022 година до април 2023година, анализирајќи ја состојбата во локалната економија, анализата на слабите и на јаките страни, на можностите и на заканите (SWOT-анализа), како и одредувајќи ја визијата, стратешките и развојните цели и Акциониот план.

10

# 6. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

## 6.1 Анализа на локалната економска структура

Општина Македонски Брод се наоѓа во југозападниот  дел на Република Македонија и припаѓа на југозападниот плански регион, заедно со општините:Охрид, Струга, Дебар, Дебрца, Вевчани, Центар Жупа, Кичево и  Пласница. Се простира на површина од 888,7 км$^2$  и е 3,63% од вкупната територија на Република Македонија. Во општината има 5889 – резидентни  жители (според податоците од пописот од 2021 година), 51 локални населени места од кои населеното место Македонски Брод се смета за град, а останатите 50 населени места се рурални населби.

**Слика: Општина Македонски Брод**



11

Општина Македонски Брод го зафаќа средното течение на реката Треска, западно од планинскиот масив Јакупица, целосно ја зафаќа областа Поречје и се протега на југ до Бушева Планина, на запад до Коњарник и Добра Вода, на север до Сува Гора и на исток до Караџица, Јакупица и Даутица. На територијата на општината има неколку маркантни планини: Јакупица, Караџица, Сува Гора, Добра Вода и Бушева Планина со Баба Сач. Релјефот на општината е сочинет од голем број речни текови од кои најзначајна е реката Треска. Оваа река во своето течение од селото Ореовец па до Македонски Брод, во должина од 4км има кањонски изглед. Воглавно, територијата на општината има ридско-планински карактеристики. Општина Македонски Брод граничи со следните општини: Кичево, Гостивар, Брвеница, Желино, Сопиште, Студеничани, Чашка, Долнени, Крушево и Пласница.

Општината располага со атрактивни шумски предели богати со разновидна флора и фауна. На овој простор се среќава интересен и разновиден растителен свет со доминантна распространетост на шумскиот комплекс кој го сочинуваат дабовите, буковите и боровите шуми. Процентот на шумовитост на ниво на општината изнесува 60%, а во површина е 60 056 ха. Доминантно место заземаат шумите во државна сопственост, односно, на ЈП „Национални шуми", а само 1519 ха се во приватна сопственост.

Главни стопански гранки во Општина Македонски Брод се производство на дрво и производи од дрво (шумарство), одгледување земјоделски култури (земјоделие), производство на доломит и производи на база на доломит, угостителство и трговија на мало. Вкупно деловни субјекти во општината има 147.

Структурата на субјектите е следна: средни 1, мали 6 и микро 140 субјекти.

12




Графикон: Бизнис сектор

Од анализираниот петтгодишен период во табелата подолу може да се види дека најзастапени се микропретпријатијата, со мали варијации низ опфатениот период. Забележано е намалување на вкупниот број на претпријатија, кое е најизразено кај малите претпријатија во 2022 година, додека најголемо зголемување на бројот на активни компании има 2022 и тоа кај микро претпријатијата или трговец поединец. Трендот на намалување на малите за сметка на микро претпријатијата воглавно се должи на пандемијата Ковид 19.

| | микро | мали | средни | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 127 | 30 | 1 | 158 |
| 2019 | 134 | 31 | 1 | 166 |

13

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 113 | 37 | 2 | 152 |
| 2021 | 102 | 42 | 2 | 146 |
| 2022 | 140 | 6 | 1 | 147 |

Табела: Деловни субјекти

Поголемиот број од микропретпријатијата се во областа на трговијата (трговија на мало) и угостителството, но присутни се и дејности од областа на туризмот, земјоделство и преработувачка индустрија. Микробизнисите се фокусирани на услуги за населението и нивниот број е 147.

Преработувачката индустрија е во мал подем, што може да се види од фактот што најголем дел од вработените се вработени во фабриката Joyson safety system во близина на градот Кичево и АТС АМО ДООЕЛ – Самоков каде се вработени околу 200 работници, а во тек е изградба на фабрика за лесна преработувачка индустрија во индустриска зона Барбарос. Тука е и компанијата РУДПРОИНГ која преку континуиран и динамичен развој, минувајќи низ сите етапи израсна во значајно претпријатие за експлоатација, преработка на неметални минерални суровини и производство на материјали за завршни работи во градежништвото. Компанијата ги поседува следниве производствени капацитети: Рудници со сепарациа, ( рудник БАБИН ДОЛ за експлоатација на доломит, рудник РАМНЕ за експлоатација на капцит и рудник ЦРН КАМЕН за експлоатација на црне мермер), Фабрика за мелење и микронизација на карбонати, Погон за мелење и класирање на

14

карбонати, фабрика за производство на материјали за завршни работи во градежништвото, Погон за сува програма, Погон за мокра програма.

ЕУРО ЈАНИ КОП е рудник за експлоатација на варовник, на локалитетот „Огледалец“ – Сувидол

ХАБИ ГРАДБА – рудник за експлоатација на варовник на место викано „Долги Рид“ -Сувидол

Во селата живеат главно стари лица, чија работоспособност е намалена.

Бруто домашниот производ (БДП) е најчесто употребуван показател за утврдување на нивото на економскиот развој на регионите и државите. Во следната табела претставени се: вкупната висина на БДП на Република Северна Македонија и БДП на Југозападниот плански регион во денари и процентот на учество на Југозападниот регион во вкупниот БДП на државата .

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| БДП на МК | 618 106 | 660 878 | 692 683 | 655 931 |
| БДП на Југозападен регион | 52 486 | 55 104 | 55 969 | 53 581 |

15

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Процент на учество во вкупниот БДП | 8,49% | 8,34% | 8,08% | 8,17% |

Табела: Бруто домашен производ во Република Северна Македонија и во Југозападен регион во периодот 2017 -2021 година, Извор: Државен завод за статистика.

Општината има тешко обработливо земјиште, кое не е погодно за одгледување различни видови култури. Поради тоа што земјоделието е главно нископродуктивно, тоа не спаѓа во носечките дејности во вкупниот приход на општината. Овоштарството и градинарските култури се користат за сопствени потреби. Погодните услови за развој на сточарството, се искористени во мал процент. Најголем дел од компаниите во приватниот сектор се микро претпријатија од трговската и угостителската дејност. Во општината постојат угостителски објекти кои вршат угостителски услуги, односно служат храна, пијалок и сместување, а регистрирани се и 2 категоризирани сместувачки капацитети од физички лица.

Во општината постои недоволно искористување на природните ресурси за развој на одредени видови туризам (спелеолошки, планински, ловен, риболовен и хербален) лимитирана искористеност на шумите и пасиштата, недоволна промоција како чиста еколошка средина за производство на здрава храна.

Неискористеноста на природните ресурси, туристичкиот потенцијал, производството на органска храна што се основа за локалниот развој се ограничени од браната КАЛУЃЕРИЦА предвидена во Просторниот план на РМ.

На територијата на Општина Македонски Брод се најдуваат 62 археолошки локалитети од различни временски епохи, кои се интересни за истражување. Кога сме кај истражувањето, општината располага со голем број пештери (Пурало, Горно

16

Слатинска пештера, Овчарска по течение на Слатинска Река, а  Момичек, Лапарница, Голубарница, по течение на Беличка Река- Белешница, Орле, Змејовица и др.) кои исто така треба да се доистражат. Во Општина Македонски Брод се најдува пештерата Пешна со најголем отвор на Балканот, најдолгата пештерата во републикава - Слатински извор, која е прогласена за споменик на природата, тука е и вештачкото езеро Козјак кое е најдолго во нашата држава.

17



**Пештера Пешна**

18



**Езеро Козјак**

19



**Дел од внатрешноста на Слатински извор**

20

Од приложената анализа на бизнис секторот може да се заклучи дека и покрај забрзаниот развој на техниката и технологијата, во Општина Македонски Брод нема доволно развиен ИТ сектор, што придонесува за дополнително стагнирање на развојот и напредокот во информатиката. Неатрактивноста на подрачјето придонесува за ограничена понуда на финансиски инструменти и институции во општината.

**Табела: Анализа на локалната економска структура – презентирање на компаниите од приватниот сектор**

| ***Вид на економска активност*** | ***Број на компании според класификација*** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Микро*** | ***Мали*** | ***Средни*** | ***Големи*** |
| *Индустриско производство* | 1 | 1 | | |
| *Земјоделство* | 14 | | | |
| *Преработувачка индустрија* | 1 | 3 | 1 | |
| *Трговија* | 52 | 1 | | |
| *Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издаваштво,односи со јавност* | 5 | | | |
| *Финансиски услуги* | 1 | | | |

21

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Медицински услуги* | 10 | | | |
| *Легални услуги (нотари, адвокати)* | 1 | | | |
| *Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили,, други сервиси)* | 11 | | | |
| *Ресторани, кафулина, барови* | 21 | | | |
| *Хотели, хостели* | 3 | | | |
| *ИТ услуги* | 1 | | | |
| *Транспорт* | 9 | | | |
| *Градежништво* | 7 | | | |
| *Управување со отпад* | 1 | | | |
| *Рударство* | 2 | 1 | | |

22

Од горе приложената табела се увидува дека приватните деловни субјекти најмногу ги има во областа на трговијата и угостителството и тоа како микропретпријатија.Средните претпријатија се застапени само со еден субјект од областа на преработувачката индустрија.Малите претпријатија се во мал број (6) во трговија, индустрија и рудар.

23

Според  податоците од последниот попис на населението од 2021 година, во општината живеат вкупно 6 124  жители односно 5889 резистентен број на жители на 888,7 км$^2$. Во Општина Македонски Брод постои Центар за вработување во состав на Агенцијата за вработување каде се евидентираат невработени лица и од Општина Пласница. Податоците кои се најдуваат во табелите подолу се однесуваат само на Општина Македонски Брод и се добиени од  Агенција за вработување на Реублика Северна Македонија. Вкупната бројка на активни и пасивни баратели на работа е 900 лица, од нив 466 се жени, а 434 се мажи. Од барателите на работа најмногу  се без и со основно образование и со завршено средно. Во табелите е даден преглед на невработени лица според школска подготовка и пол, со состојба од 31.03.2023 година.

Табела: Невработени лица во Општина Македонски Брод според Агенција за вработување на РСМ

Поголем дел од активните баратели на работа без образование и оновно образование, завршено средно и високо образование се жени, додека кај непотполно средно, вишо образование и магистри се мажи. Како последица на трендот на иселување,  помалите места како Македонски Брод , останауваат без работна сила, бидејќи најчесто младите и образовани кадри го напуштаат местото на живеење.

| Општина | | Вкупно | | Без образование и основно образование | | Непотполно средно | | Завршено средно | | Вишо образование | | Високо образование | | Магистри | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| Македонски Брод | актив | 782 | 394 | 305 | 165 | 126 | 52 | 298 | 150 | 7 | 1 | 45 | 26 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | пасив | 118 | 72 | 49 | 39 | 17 | 11 | 41 | 20 | 1 | 0 | 9 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Во табелата подолу е даден преглед на невработени лица според  возраст и пол, со состојба од 31.03.2023 година.

| старост | вкупно | жени | мажи |
|---|---|---|---|
| Од 15 -29 години | 184 | 105 | 79 |
| Од 30 – 49 години | 437 | 245 | 192 |
| Од 50 – 60 и повеќе години | 629 | 295 | 334 |

Податоците во табелата се однесуваат на податоци за невработени лица  по возраст и пол од Општина Македонски Брод и Општина Пласница и се земени од заедничкиот Центар за вработување кој се најдува во Македонски Брод. Забележуваме дека  најбројна е групата  од 50 – 60 години, но исто така голем број на невработени има и од помладото невработено население, односно она  кое се најдува во старосната група од 30 – 49 години. Можеме да воочиме  дека во старосната група од 15 до 49 години поголем број од невработеното население се жени поради несоодветната понуда за работа и ограничените услови што ги нудат работодавците.

25




Графикон за невработени лица

**6.2 Локална соработка и вмрежување**

Неопходна алка во целокупниот процес на локалниот развој е соработката помеѓу сите чинители. Најчести форми на соработка се средбите кои се одржуваат периодично. Општина Македонски Брод, заедно со општините Пласница и Кичево припаѓа на Регионалната Стопанска комора со седиште во Кичево.

Во Општина Македонски Брод постои практика на одржување на средби за меѓусебна соработка со граѓанските организации, бизнис секторот и локалното население. Преку средбите на градоначалникот со граѓани, со претставници на месни заедници, со граѓански здруженија (пчелари, собирачи на билки, костенопризводители, ловци и риболовци, сточари и сл.) се разговара за нивните проблеми и можности за нивно опстојување.

26

Општината има воспоставено соработка со Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот, а исто така и е дел од Локалната акциска група (ЛАГ) Треска чии основачи се општините Кичево, Пласница и Македонски Брод, како и невладини организации и здруженија и бизнис сектор. Со тоа што е во Југозападен плански регион преку неговиот Центар за развој се потврдува уште една регионална меѓуопштинска соработка. Општината со Центарот има одлична соработка, чести средби, добра комуникација каде навремено и транспарентно се разменуваат деловни информаци и се учествува во заедничките работни процеси.

Преку вмрежувањето се проширувааt видиците и можностите за подобрување на профилот на општината. Учењето од она што го прават другите е драгоцена стратегија за сите бизниси. Со тоа се создаваат можности за следење на промените во деловната клима. Силни страни на Општина Македонски Брод во однос на локалната соработка и вмрежувањето е постоењето на интерес за соработка.

### 6.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Општина Македонски Брод спаѓа во средно транспарентните општини. Активната транспарентност на Општина Македонски Брод во 2022 година изнесува 78,6% (од можни 100%) со што општината се наоѓа во групата институции со "добра" активна транспарентност (исполнување на обврските од 60% -80%). Со овие бодови, општината се наоѓа на 44 –та позиција од вкупно 98 рангирани институции. Сепак, активната транспарентност на Општина Македонски Брод е малку подобрена во 2022 година во однос на 2021 година. Транспарентноста е мерена од Центар за граѓански комуникации помогнати од УСАИД, според објавените информации и податоци од страна на општината.

Одделението за Локален економски развој, издава потврди и дава информации на бизнис заедницата за проекти со кои фирмите или физички лица аплицираат а се поврзани со стратешки документи на општината.

27

На локалните бизниси им недостасуваат советодавни услуги за бизнис, совети за инвестирање, информации за национални донаторски програми и европски фондови. Освен тековни и повремени средби на градоначалникот со деловните организации, во општината не постои друга форма на соработка за подобрување на деловното опкружување. Главен подржувач во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани во регонот преку јакнење на капацитетите на мрежите во локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развој на локално и регионално ниво е Центарот за развој на Југозападниот плански регион. Сите тендери организирани од страна на општинската администрација се објавени на електронскиот систем за јавни набавки. Седниците на Советот на Општина Македонски Брод се отворени за јавноста.

Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот во Општина Македонски Брод се ограничени и не секогаш веродостојни, како за руралните области и за урбаната областа на општината. Нередовни се информациите за национални или донаторски програми за поддршка на бизнисот, нередовна е и ангажираноста во давање на информации на регионалната стопанска комора.

### 6.4 Пристап до информации и финансиска поддршка

Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот во Општина Македонски Брод се ограничени и не секогаш веродостојни, како за руралните области и за урбаната областа на општината. Нередовни се информациите за национални или донаторски програми за поддршка на бизнисот, нередовна е и ангажираноста во давање на информации на регионалната стопанска комора.

Во Општина Македонски Брод постои само една експозитура на Комерцијална банка, додека најблиските експозитури на останати банки, штедилници и брзи кредити се во Општина Кичево. Повеќето од кредитните линии се достапни за поразвиените бизниси,

додека Општина Македонски Брод како неразвиено подрачје често се соочува со ограничена понуда за кредитирање поради неисполнување на потребните услови. Поради неатрактивноста на подрачјето, малиот број на население општината не е примавлива за банките. Некои од банките воопшто немаат интерес, а други пак даваат ниска проценета вредност на објектите.

Национални програми за финансиска поддршка на претпријатија се Фондот за иновации и технолошки развој, Македонска банка за поддршка на развојот, Агенција за вработување, Министерство за економија, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, Агенција за финансиска поддршка во земјоделство и рурален развој и сл.Додека донаторски и меѓународни механизми се ИПАРД, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ, но и прекугранични програми каде можи да се аплицира како и Европска банка за обнова и развој, Швајцарска развојна агенција, УСАИД, УНДП и сл.

**6.5 Земјиште и инфраструктура**

Општината вложува напори да го идентификува сето општинско земјиште и згради кои можат да бидат понудени на приватниот сектор. Општината располага со две индустриски зони за лесна и незагадувачка индустрија. Едната е целосно распродадена на повеќе инвеститори со површина од приближно 30.000 м$^2$ ,кои се заинтересирани за преработка на овошје, рециклирање на отпад, изградба на склад и сл., и другата е со површина од приближно 10 ха каде има парцели кои може да се понудат на приватниот сектор. За отпочнување на бизнис во индустриските зони и на јавни површини по течението на реката Треска главна закана и пречка е Просторниот план на РСМ кој датира уште од 1974 година каде што е предвидена вештачка акомулација „Калуѓерица“ која ги опфаќа овие површини.

29

Во општината во подем е побарувачката од земјиште за поставување на фотонапонски централи за производство на електрична енергија од страна на бизнис секторот. Веќе постојат локации кои се урбанизирани и каде има поставени фотоволтаици и тоа : од 1 MW – четири локации од 5 MW – една локација и од 10 MW една локација.

| Искажани потреби на приватниот сектор според вид на инфраструктура | Постоечко ниво на понуда во овој сегмент | Индикативни идни потреби/барања во следните пет години |
|---|---|---|
| Индустриски зони во Општина Македонски Брод<br>Земјиште за фотонапонски централи | Во моментот општината има понуда на две индустриски зони: Барбарос и Алкалоид.<br>Зоните, воглавно се уредени во поглед на инфраструктура и комунално уредување<br>Во моментов општината има локации за фотонапонски централи во | Бизнис секторот има барање за урбанизација во една од индустриските зони<br>Потреба од урбанизација на земјиште за фотонапонски централи |

30

| | | |
|---|---|---|
| | КО Инче, КО Манастирец и КО Ижиште | |
| Објекти со канцелариски простории | Општината има 12 училишни згради, две други сопствени згради ,( една во Македонски Брод ) и една во Самоков и канцелариски простории во општинската зграда | Објектите во сопственост на општината имаат потреба од реконструкција |

Општината располага со две сопствени згради кои може да бидат понудени, дванаесет училишни згради во рурални средини и канцелариски простории во општинската зграда. Дел од имотот на општината е отуѓен и воглавно тоа е имот во руралните средини, односно училишни згради, покрај постојните дванаесет згради во кои функционирале основни училишта.

Понудата на општината за бизнис секторот се однесува на працели во Индустриска зона Барбарос за лесна и незагадувачка индустрија, земјиште за поставување на фотонапонски централи и одреден број на објекти за канцелариски простор. Но има и барања кон општината што треба да се реализираат и тоа урбанизација на земјиште и реконструкција на објекти.

31



**Викенд зона Близанско**

32



**Викенд зона Здуње**

33

## 6.6 Регулаторна и институционална рамка

Постоењето на регулативни и административни бариери е пречка која се провлекува од минатото со одреден напредок во регулаторната и институционалната рамка во однос на јакнење на човечките капацитети, поголема екипираност. Главни предизвици со кои се соочува приватниопт сектор се административните лавиринти во однос на преклопување на надлежностите, обемната документација и долготрајните процедури како и недостаток на планска урбанистичка документација.

## 6.7 Вештини, човечки капитал и инклузивност

Во општинското средно училиште се разработени две стручни насоки кои се потребни во секторот туризам и машинство. Од 2021 година формирана е дуална паралелка во машинската струка. Агенцијата за вработување организира обуки за невработени лица со цел стекнување дополнителни знаења и вештини. Со цел зајакнување на капацитетите на младите лица и стекнување на дополнителни знаења и вештини се организираат обуки од невладиниот сектор.

Главниот проблем на Општина Македонскии Брод, како и во цела држава, е иселувањето на млади, работоспособни и образовани кадри

## 6.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Општина Македонски Брод е општина која е еколошки чиста и располага со бујна природа, бистри води, чист воздух, разни билки и чаеви. Препознатлива по долгогодишното производство на дабов мед, квалитетен костен, рибници богати со риба

34

(калифорниска пастрмка, крап, клен), резерват Јасен, лов и риболов, Велигденските кули, Турбе. Во општината постојат можности за адаптирање на сместувачки капацитети во приватни домаќинстава.

Преку постоењето на својата веб страница и социјалните мрежи, Општина Македонски Брод врши запознавање и информирање на граѓаните со актуелните состојби и случувања.

Слаба страна на Општина Македонски Брод во поглед на надворешно позиционирање и маркетинг е недоволно развиен рурален туризам, непостоење на маркетиншки алатки за препознавање на Општина Македонски Брод како транзитна дестинација. Постои недостаток на локални медиуми, неповолно деловно опкружување, лоша поврзаност со главниот град и главните патишта, нема железничка поврзаност, непостоење туристички агенции и водичи, немање туристичка понуда, намален обем на внатрешен општински превоз. Сето тоа влијае на слаба промовираност.

Општината организира средби и состаноци со потенцијални инвеститори, организира локални манифестации во соработка со Домот на култура, промоции на изложби, промоција преку Центарот за развој на југозападен плански регион, а во поново време развиена е соработка со Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот

## 7.SWOT АНАЛИЗА

***Силни страни***:

- Расположливост со водни ресурси – низ територијата на општината тече реката Треска, езерото Козјак, со својот најголем дел е на територијата на општината, Белешничка, Оча, Мала река, Крапска река, Ковачка река и др.
- Богатство со шуми, процентот на шумовитост на ниво на општина изнесува 60%

35

- Незагадена животна средина
- Поволна релјефна структура со бројни ( околу 210) сончеви денови поволна за поставување фотонапонски централи за производство на електрична енергија
- Развиена локална патна инфраструктура (од 51 населено место, 48 се со асфалтиран пат)
- Подрачје богато со пештери (Пешна, Горнослатинска пештера, Пурало, Момичек, Голубарница, Лапарница , Слатински извор која е заштитена со закон и други)
- Изобилство со квалитетни природни ресурси и убавини (лековити билки, воздушни бањи, чисти води, погодни падини за пешачење, велосипедизам, мото трки и др.)
- Формирани 3 туристички населби Близанско, Здуње и Долна Белица на вештачкото езеро Козјак
- Уникатна традиционална манифестација „Велигденски кули“
- Уникатен верски објект од 14ти век кој го посетуваат припадници на две вери (муслиманска и православна) -Турбе-Св.Никола или А др Баба
- Долга традиција во одгледување на пчели и производство на мед (костенов, дабов и др.)
- Богат предел со квалитетна сорта КОСТЕН

36

- Адреналински фестивал на отворено ЕКСТРИМ Самоков, кој го посетуваат гости и учесници од други земји, а се возат тури со теренски возила, мотокрос, АТВ возила, но и велосипедски и пешачки тури.
- Постоење на извори на солена и кисела вода

***Слаби страни***:

- Географска изолираност на општината - неповолна поврзаност со главниот град преку резерват Јасен од причини што постои времен режим на движење. Поради постоење на еднонасочен пат што го предизвикува времениот режим. Непостои железнички сообраќај, оддалеченост од националните аеродроми.
- Недоволна промоција на природните реткости: солена вода, пештери, цркви, манастир...
- Неискористеност на БРАУНФИЛД ЗОНИ-Постоење на изградени индустриски објекти кои не се во функција
- Недоволно развиен претприемачки дух кај младите
- Ограничен пристап до финансии, поради изолираноста на општината не е атрактивна за банките и другите финансиски институции да отворат свои филијали.
- Неискористеност на потенцијалите за развој на туризмот поради слаба туристичка промоција, недоволен број на сместувачки капацитети, немање на туристички водичи, отсуство на соработка со туристички агенции , отсуство на сместувачки семејства

37

- Нема јавен локален и регионален превоз
- Непостоење на подземен катастар, поради непостоење на база на податоци.
- Неразвиен граѓански сектор
- Непостоење на археолошки катастар
- Непостоење на  урбанистички планови за  територијата на општината
- Ниска еколошка свест  на населението ( создавање на диви депонии, загадување на води и негрижа за животната средина

***Можности***:

- Зголемен интерес и побарувачка за производство на здрава храна
- Зголемен интерес и растечки тренд за развој на нетрадиционални форми на туризам (еко, спелеолошки, речен, ловен, риболовен, хербален, манастирски, рурален)
- Зголемен интерес за градење на нови и реконструкција на старите објекти
- Растечки тренд за искористување на обновливи извори на енергија за кои во општината има природни поволности
- Интерес за развој на граѓански сектор за културен и социјален живот и младински активизам

38

- Зголемена свест за заштита на традиционалните и културните вредности (негување на обичаите, песните и ората од овој крај, на постојните манифестации)
- Брендирање на поречкиот мед и поречкиот костен
- Пристап до ЕУ фондови
- Пристап до национални програми за финансирање

***Закани***:

- Засилен процес на иселување
- Економската и енергетска та и воена криза
- Глобалните климатските промени и политики
- Неповолни законски регулативи за изработка на урбанистички планови
- Постоење на брана Калуѓерица во Просторниот план
- Опустошување на шуми
- Неповолни услови за кредитирање на МСП на национално ниво

- Незаинтересираност на политичките структури кон  општината
- Нерамномерен економски развој на ниво на држава - концентрираноста на  државната власт во главниот град  ( клинички центри, образовни центри , органи на државна управа ....)
- Неповолни законски регулативи за изработка на урбанистички планови , долги и скапи процедури за носење на урбанистичките планови

8.ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

*Македонски  Брод – еко општина со развиена патна и комунална инфраструктура за развој на лесна и незагадувачка индустрија, туризам и младински активизам*

Стратешка цел 1: Урбанистичко планирање и комунални дејности

Стратешка цел 2:Животна средина и искористување на обновливи извори на енергија и промовирање на енергетска ефикасност

Стратешка цел 3:Економски развој и развој на туризамот

Стратешка цел 4:Социјална заштита и заштита на деца

Стратешка цел 5:Образование, спорт и култура

40

9.АКЦИСКИ ПЛАН

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 - УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ<br><br>**ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ: 1.**Земјиште и инфраструктура, 2. Институционална и законодавна рамка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Клучна цел | Активност | Времетраење | Вклучени партнери | Резултати | Мониторинг и индикатори |
| 1.1.Урбано, рурално планирање и комунални дејности<br><br>41 | 1.1.1.Детален урбанистички план | 2024-2028 | Општина Македонски Брод<br>Проектантски куќи<br>Соодветни министерства | Изработен ДУП | 1 ДУП |
| | 1.1.2.Урбанистички план за вон населени места и села | | | Изработена планска документација | 4 урбанистички планови |
| | 1.1.3.Урбанистички проекти | | | Изработени урбанистички проект | 5 урбанистички проекти |
| | 1.1.4. Изработка на Каталог на општински имот | 2025-2026 | Општина Македонски Брод<br>АКН, Јавни претпријатија и институции | Изработен Каталог на општински имот | Еден Каталог на општински имот |
| | 1.1.5. Изработка на проектна документација<br>1.1.5.1. Водовод - | 2024-2028 | Општина Македонски | Изработени проектни | 10 проектни документации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Могилец и Калуѓерец<br>1.1.5.2. Канализација-Требино, Манастирец, Девич, Сланско<br>1.1.5.3.Мостови - Зркле, Самоков, Латово и Слатина | | Брод<br>Проектантски куќи, Јавни претпријатија | документации | |
| | 1.1.6.Уредување на излетнички места и зелени површини<br>1.1.6.1.Излетнички места - Пешна, Белешничка река, Манастирец, Слатински извори, Соленица, Кале<br>1.1.6.2.Поставување на летниковци и уредување на зелени површини – градско подрачје и Самоков | 2024-2028 | Општина Македонски Брод<br>Јавни претпријатија | Уредени излетнички места | 10 уредени места (6 излетнички места и 4 површини со летниковци и клупи |
| | 1.1.7.Иницијатива | | Општина | Изграден | Еден стационар |

42

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за кучиња скитници за локален или регионален стационар | 2025-2027 | Македонски Брод Центарот за Југозападен плански регион, соседни општини | стационар | (капацитет 200 кучиња) |
| | 1.1.8.Изградба на прочистителни станици во села 1.1.8.1.Манастирец 1.1.8.2.Самоков | 2025-2028 | Општина Македонски Брод Јавни претпријатија | Изградени прочистителни станици | Две прочистителни станици |
| | 1.1.9.Изградба на селски улици во населени места (Сланско, Манастирец, Крушје, Суводол, Требино, Латово, Црешнево, Локвица) | 2024-2028 | Општина Македонски Брод Надлежни министерства, донатори, Јавни претпријатија | Изградени селски улици | 8 Селски улици со краци во 8 населени места до 25 км |
| | 1.1.10.Изградба на Локален пат Брест-Близанско | 2025-2028 | Општина Македонски Брод Надлежни министерства, | Изграден пат | 1 пат до 6 км |

43

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | донатори, | | |

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 : ЖИВОТНА СРЕДИНА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**<br><br>**ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ :** 1.Земјиште и инфраструктура 2.Регулаторна и институционална рамка, 3.Локална соработка и вмрежување, 4. Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција, 5. вештини, човечки ресурси и инклузивност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Клучна цел | Активност | Времетраење | Вклучени партнери | Резултати | Мониторинг и индикатори |
| | 2.1.1.Отстранување на диви депонии (Требино, долж обиколница, Црешнево...) | 2024-2028 | Општина Македонски Брод Јавни претпријатија | Отстранети диви депонии | Отстранети 5 диви депонии |
| | 2.1.2.Заштита и уредување на изворите на солена-Соленица и кисела вода-Дреново | | Општина Македонски Брод Јавни претпријатија Бизнис сектор | Уредени и заштитени извори на кисела и солена вода | 3 извори |
| 2.1.Заштита на животна средина | 2.1.3.Мапирање на локации со лековити билки и изработка на | | Општина Македонски Брод, стручен кадар | Означени патеки до лековити билки и изработена мапа | 2 патеки до 7 км и 1 мапа |

44

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ботнаничка мапа со календар | | | | |
| | 2.1.4.Планско управување со отпад | 2025-2028 | Општина Македонски Брод<br>Јавни претпријатија<br>НВО | Поставени контејнери за селкција на отпад и утврдување на динамика за одлагање на отпад во нас.места (Самоков, Манастирец, Требино, Латово, Црешнево Белица, Локвица, Сланско)<br>Поставени корпи за одглање на отпад во М.Брод и н.м. Самоков<br>Уредени локална депонија Барбарос | 30 контејнери, 50 канти и 1 депонија |
| | 2.1.5.Набавка на возило за потребите на ТППЕ и ЈКП и ХТЗ опрема и организирање обуки за одговор | | Економски оператори ,<br>Јавни претпријатија<br>Граѓански сектор | Зајакнати капацитети на ТППЕ и комунални претпријатија ( набавено возило и | 2 возила и ХТЗ опрема за 25 вработени и организирани 2 обуки |

45

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | при елементарни непогоди | | | организирани обуки) | |
| | 2.1.6.Спроведување на 2 кампањи годишно за подигање на еколошката свест | | НВО Училишта | Спроведени кампањи за зајакнување на еколошката свест | 2 кампањи (опфатени 200 граѓани, изработени 300 брошури) |
| | 2.1.6.Организирање на еко камп Македонски Брод | | ДЕМ; Локален младински совет, НВО, СОУ | Одржан камп | 1 камп годишно |
| 2.2.Искористување на обновливи извори на енергија и промовирање на енергетска ефикасност | Мапирање на локации за поставување на обновливи извори на енергија | 2025-2028 | Општина Македонски Брод Заинтересирани инвеститори ЕВН | Изработена листа на локации погодни за поставување на централи за искористување на обновливи извори на енергија | Една листа со погодни локации |

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И РАЗВОЈ НА ТУРИЗАМ**<br><br>**ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ : 1.**Пристап до финансии, 2.Регулаторна и институционална рамка, 3.Локална соработка и вмрежување, 4.Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција, 5.Вештини, човечки ресурси и инклузивност,6.Надворешно позиционирање и маркетинг | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Клучна цел | Активност | Времетраење | Вклучени партнери | Резултати | Мониторинг и индикатори |
| 3.1.Развој на МСП и претприемништво | 3.1.1.Едукација за стартапи, едукација за права и мерки, доквалификација и преквалификација, пристап до владини програми) | Тековно согласно со АВРМ | Бизнис сектор, АВРМ, консултантски куќи | Развиени МСП | Две обуки за едукација за развој на МСП (Опфатени 20 граѓани) |
| | 3.1.2.Брендирање на локален производ(костен) | 2025-2027 | Производители на костен | Брендиран производ | Еден брендиран производ |
| | 3.1.3.Изработка на Е- Водич на инвестиции | 2025-2026 | Бизнис сектор, СОУ "Св.Наум Охридски" | Изработен Водич за инвестиции | Водич на инвестиции |
| | 3.1.4.Обуки за развој на стопански гранки (сточарство | 2024-2028 | Бизнис сектор, МЗШВ, | Развиени стопански гранки | 4 обуки со 40 обучени лица |

47

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ,дрвна индустрија, живинарство, пчеларство) | | АФПЗРР | | |
| | 3.1.5.Организирање на обуки на локалното население за јакнење на постоечките и стимулирање на локалното на селение за зголемување на приватните сместувачки капацитети | 2024-2028 | Консултантски куќи, Агенција за поддршка и промоција за развој на туризмот, | Зголемен интерес за уредување и издавање на сместувачки капацитети | 2 обуки годишно (обучени 10 лица) |
| 3.2.Промоција на руралниот туризам | Развој преку промоција и унапредување на рурален туризам (планински, ловен, риболовен, хербален , спелеолошки,етно) | 2025-2028 | Агенција за поддршка и промоција за развој на туризмот, Бизнис сектор | Промовирани потенцијалите за ловен, хербален, планински, етно риболовен (изградена/доделен простор за рибарска куќа), - доуредени и промовирани | 400 брошури,<br>1 рибарска куќа<br>2 пештери уредени<br>10 промоции преку медиуми( |

48

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | пештери | весник и социјални медиуми) |
| | Мапирање и уредување на велосипедски патеки (Белица-Локвица-Црешнево-Белица; Белица-преку Фојник- Белица) | 2024 | Јавни претпријатија, НВО | Трасирани велосипедски патеки | 2 велосипетски патеки до 30км |
| | Мапирање и уредување на пешачки патеки (Требино, Суводол, Сланско, по водовод до Латово, траса од покрсти-Велигден) | 2024-2028 | Јавни претпријатија, НВО | Трасирани пешачки патеки | 4 пешачки патеки до 25км |
| | | | | | |

49

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4: СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА**<br><br>**ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ :** 1.Земјиште и инфраструктура2.Регулаторна и институционална рамка 3.Локална соработка и вмрежување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Клучна цел | Активност | Времетраење | Вклучени партнери | Резултати | Мониторинг и индикатори |
| 4.1.Социјална заштита | 4.1.1.Унапредување и проширување на социјалните услуги<br>4.1.1.1.Поддршка и нега на стари и изнемоштени лица<br>4.1.1.2. Згрижување на деца со социјален ризик | 2024-2028 | МТСП , ЦСР, Црвен крст, Фондации | Зголемен број на социјални услуги | Три услуги |
| | 4.1.2.Реконструкција на постоечки објекти за унапредување на социјалните услуги<br>4.1.2.1 Реконструкција и пренамена на Стара детска градинка во Дневен центар за деца со пречки во развој во М.Брод | | | | |

50

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.1.2.2. Реконструкција и пренамена на Стара детска градинка во Самоков во објект за давање на една од социјалните услуги | | | | |
| 4.2. Детска заштита | 4.2.1.Подобрување на условите за детска заштита<br>4.2.1.1.Реконструкција на ОЈУДГ 7ми Септември | 2024-2028 | МТСП , Детска градинка, згрижувачки семејства | Зајакнати капацитети | Еден објект со подобрени услови |
| | | | | | |

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5 : ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ и КУЛТУРА**<br><br>**ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ:** 1.Локална соработка и вмрежување 2.Надворешно позиционирање и маркетинг 3.Вештини, човечки ресурси и инклузивност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Клучна цел | Активност | Времетраење | Вклучени партнери | Резултати | Мониторинг и индикатори |

51

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.Развој во образование | 5.1.1.Поддршка и развој на дуално образование за угостителска и машинска струка во СОУ Св. Наум Охридски | 2024-2026 | Средното училиште, Бизнис секторот | Развиено дуално образование | Две струки во дуалното образование |
| | 5.1.2.Подобрување на условите во образовните институции<br>СОУ (со интернат) и ООУ( со подрачни) | 2025-2027 | Образовните институции, | Зајакнати капацитети во образованието | 4 објекти |
| 5.2.Развој во спорт | 5.2.1. Поддршка на спортски активности<br>5.2.1.1.Традиционалниот ноќен турнир во мал фудбал во М.Брод<br>5.2.1.2.Традиционалниот турмир во мал фудбал во Самоков и др. | 2024-2028 | Образовни институции, спортски клубови | Зголемен број на спортскии активности | 5 спортски активности |
| 5.3.Развој на | 5.3.1.Изработка на археолошка мапа | 2025-2027 | Стручни лица (историчари, уметници) | Изработена археолошка мапа | Една археолошка мапа |

52

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| култура | 5.3.2.Поддршка на културни манифестации (Костенијада, Велигденски кули, Поречки средби,) | 2024-2028 | Дом на култура, образовни институции | Збогатени и зголемени културни манифестации | Шест културни манифестации |
| | 5.3.3.Обнова на детски фестивал Распеано бродче | 2025-2027 | Дом на култура, музичари, уметници | Реализиран фестивал на детски песни | Еден детски фестивал |

За реализирање на активностите во акцискиот план, покрај ограничените средства од Буџетот на општината, вклучени ќе бидат и средства од донации, фондови, програми, домашни и странски.( МЗШВ, МТВ, АФПРРЗ )и т.н



**Езеро Козјак**



**Пештера Пешна**

53



Велигденски кули



Св.Никола – Турбе



Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), по доставено барање од СОУ „Св.Наум Охридски“ - М.Брод со број 18-844/1 од 08.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година, донесе,

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02-584/1 од 26.10.2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка

1.Советот на Општина Македонски Брод, дава согласност на Одлуката на УО на СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод со арх.бр.02-584/1 од 26.10.2023 година за отворање на донаторска сметка за реализација на Проект по подпрограма за ЕРАЗМУС+ со име на проект Blue Europe Sustainability water management in schools, со регистарски број 2023-1- ROO1 – KA220 – SCH - 000152274.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 826/6
10.11 .2023 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 точка 44 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/3, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), по доставено Барање од м.з. Д.Манастирец бр.18 - 832/1 од 06.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за набавка на цевки по барање
од Саше Меноски од Македонски Брод

1. Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на цевки во должина до 30 м, Ф - 600, за отстранување на проблемот со атмосферски канал кој поминува низ приватен имот на лицето Саше Меноски на ул.„Поречка“ бр.25 Македонски Брод.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод согласно доставената фактура за набавка.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 - 826/ 7
10.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 точка 44 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/3, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), по доставено Барање од м.з. с.Требино бр.18 - 830/1 од 06.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за набавка на кабел и сијалици за улично осветлување по барање од м.з. с.Требино

1. Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на кабел во должина од 800 м и сијалици за поставување на улично осветлување по барање од м.з. с.Требино, од крајот на градот до почетокот на селото Требино.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод согласно доставената фактура за набавка.

3.Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 - 826/ 8
10.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а во врска со поднесени барања од правни и физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина

1. Барањето од Живко Столески за Инче, бр.18 - 835/1 од 07.11.2023 година, предлози, се разгледа.

1.2.Барањето од месна заедница од с.Тополница - Македонски Брод, бр.18 - 24/12 од 20.11.2023 година, за санација на локален пат , се разгледа.

1.3.Барањето од месна заедница од с.Близанско - Македонски Брод, бр.18 - 799/1 од 26.10.2023 година, за решавање на проблем со локален пат во должина 3,5 км, се разгледа.

2.Горенаведените барања се препраќаат до Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина и се задолжува, истите, да влезат во програмите за 2024 година за да се изнајде начин за нивно вклопување и реализирање.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 826/9<br>
10.11.2023 година<br>
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>
Претседател,<br>
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 точка 44 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/3, 1/16, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), по предлог на советниците, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за набавка на цемент, ризла и сад од полиестер за резервоарот за село Д.Крушје

1.Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на цемент 10 вреќи, 2м$^3$ ризла и сад од полиестер со зафатнина од 2м$^3$ за резервоарот за вода во село Д.Крушје.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод согласно доставената фактура за набавка.

3.Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 - 826/10
10.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), по доставено барање од Виолета П.Смилеска од Македонски Брод со арх.бр.18 - 845/1 од 10.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - ма седница одржана на 10.11.2023 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за ненадлежност по барањето од Виолета П.Смилеска

Член 1

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.11.2023 година донесе Заклучок за ненадлежност по барањето поднесено од Виолета П.Смилеска од Македонски Брод.

Советот на Општина Македонски Брод согласно Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени во јавниот сектор има надлежност само во однос на планот за вработување во јавните претпријатија кои ги основала, а нема надлежност во однос на внатрешната организација, систематизацијата и поединечните акти кои се во исклучителна надлежност на Директорот и Управниот одбор на самото јавно претпријатие.

Член 2

Горенаведеното барање ќе биде препратено до ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за понатамошно постапување.

Член 3

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 – 826/11
10.11.2023 година

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), по доставено барање од Спасе Досијаноски од с.Црешнево со бр.18 - 815/1 од 31.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - ма седница одржана на 10.11.2023 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за препраќање на надлежност на барањето од Спасе Досијаноски од с.Црешнево до МЦСР – Македонски Брод

Член 1

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.11.2023 година донесе Заклучок за препраќање на барањето поднесено од Спасе Досијаноски од с.Црешнево до МЦСР – Македонски Брод. Со заклучокот да се запознае и барателот заради достава на дополнителна докуменатција до МЦСР – Македонски Брод и понатамошно одлучување по барањето на подносителот.

Бр. 18 – 826/12
10.11.2023 година

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Савка Маркоска со бр.18-822/1 од 02.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница, одржана на ден 10.11.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Савка Маркоска

1. Се прифаќа Барањето бр. 18 - 822/1 од 02.11.2023 година од Савка Маркоска од Македонски Брод за одобрување на еднократен надоместок за лекување како еднократна парична помош во износ од 6.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 826/13
10.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Србин Петрески со бр.18 - 805/1 од 30.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница, одржана на ден 10.11.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Србин Петрески

1. Се прифаќа Барањето бр.18 - 805/1 од 30.10.2023 година од Србин Петрески од Македонски Брод за одобрување на еднократен надоместок за лекување како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 826/14
10.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19, 11/22), а во врска со Одлуката за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.3/22) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, Советот на Општина Македонски Брод на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за склучување на спогодба во врска
со предмет бр.03-829/1 од 06.11.2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со предмет бр. 03-829/1 од 06.11.2023 година.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

*СПОГОДБА*
*за надомест на штета*

*Склучена на ден ___.___.2023 год. помеѓу:*

1. *Радомир Миленкоски, од Македонски Брод со* [redacted] *во понатамошниот текст прва спогодбена страна*
2. *Општина Македонски Брод, со ЕМБС 6057608 и ЕДБ 4018004103727 со седиште на ул.7-ми Септември бр.4, Македонски Брод, застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески, во понатамошниот текст втора спогодбена страна.*

*Член 1*

*Предмет на спогодбата е надомест на материјална и нематеријална штета на Радомир Миленкоски од Македонски Брод.*

*Штетата е настаната како последица на напад од куче скитник, кое што го каснало на десната рака во предел на шаката и му предизвикало силни болки и обилно крварање, за кој што настан има комплетна документација.*

*Член 2*

*Двете страни на оваа спогодба се договорија да втората спогодбена страна, се обврзува на првата спогодбена страна и исплати надомест на материјална и нематеријална штета во вкупен износ од 30.000,00 денари.*

*Член 3*

*Првата спогодбена страна со потпишување на оваа спогодба се откажува од правото да поведе судска постапка за предметот на оваа спогодба.*

*Член 4*

*Во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Кичево.*

*Член 5*

*За се што не е пропишано во оваа спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи.*

*Член 6*

*Спогодбата е склучена во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја страна.*

*Член 7*

*Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.*

*Прва спогодбена страна,*
*Радомир Миленкоски*
____________________

*Втора спогодбена страна,*
*Градоначалник,*
*м-р Жарко Ристески, с.р.*
______________________

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба, по предметот бр. 08-829/1 од 06.11.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“ .

Бр.18 - 826/15
10.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки и заклучоци донесени на 28 - та седница одржана на ден 10.11.2023 година

Се објавуваат Одлуките и заклучоците, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 28 - та седница, одржана на ден 13.11.2023 годинi и тоа како следи:
Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година

- Одлука за давање на позитивно мислење на Предлог иницијативата за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Кичево во областа на противпожарната заштита

- Одлука за донесување на Стратешки план за локален развој на Општина Македонски Брод за период 2024 - 2028 година

- Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02-584/1 од 26.10.2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка

- Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на цевки по барање од Саше Меноски од Македонски Брод

- Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на кабел и сијалици за улично осветлување по барање од м.з. с.Требино

- Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина

- Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на цемент, ризла и сад од полиестер за резервоарот за село Д.Крушје

- Заклучок за ненадлежност по барање од Виолета П.Смилеска

- Заклучок за препраќање на надлежност на барањето од Спасе Досијаноски од с.Црешнево до МЦСР – Македонски Брод

-Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Савка Маркоска

-Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Србин Петрески од Македонски Брод

-Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.03 - 829/1 од 06.11.2023 година

| | |
|---|---|
| Бр. 08 - 826/16 | Општина Македонски Брод |
| 13.11.2023 година | Градоначалник, |
| Македонски Брод | м-р Жарко Ристески, с.р. |

**Службен гласник број 11 од 13.11.2023 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година ........................................................................................................ стр. 2

Одлука за давање на позитивно мислење на Предлог иницијативата за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Кичево во областа на противпожарната заштита ........................................................................ стр. 15

Одлука за донесување на Стратешки план за локален развој на Општина Македонски Брод за период 2024 - 2028 година ........................................................................ стр. 16

Стратешки план за локален развој на Општина Македонски Брод за период 2024 - 2028 година ........................................................................................................ стр. 17

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02 - 584/1 од 26.10.2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка ........................................................................................................ стр. 72

Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на цевки по барање од Саше Меноски од Македонски Брод ........................................................................ стр. 73

Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на кабел и сијалици за улично осветлување по барање од м.з. с.Требино ........................................................ стр. 74

Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина ........................................................................ стр. 75

Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на цемент, ризла и сад од полиестер за резервоарот за село Д.Крушје ........................................................ стр. 76

Заклучок за ненадлежност по барањето од Виолета П.Смилеска ...................... стр. 77

Заклучок за препраќање на надлежност на барањето од Спасе Досијаноски од с.Црешнево до МЦСР – Македонски Брод ........................................................ стр. 78

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Савка Маркоска ................................................ стр. 79

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Србин Петрески ................................................ стр. 80

Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 03-829/1 од 06.11.2023 година ........................................................................ стр. 81

Заклучок за објавување на Одлуки и заклучоци донесени на 28 – та седница одржана на ден 10.11.2023 година ........................................................................................... стр. 83